

***Во ова продолжение за читателите на порталот „Македонска нација“ ќе претставиме дел од „Библискиот реч ник“, преку имињата, зборовите, изразите, називите, лексикографските термини...: од зборо час, за кој во НЗ се споменуваат некои часови, во кои се врши одре дено дејство, а вообичаено се преведуваат со денешното сметање на времето, до изразот шиболет , збор што Ефтај го употребил за да провери дали една група бегалци му припаѓа на неговиот народ Галад или, пак, на Ефремовото племе***

**Час** - 1/12 од денот и 1/12 од ноќта. Во НЗ се споменуваат некои часови, во кои се врши одредено дејство, а вообичаено се преведуваат со денешното сметање на времето; в. Време.

**Чаша** - сад за пијалак, од глина, од камен.од метал, стакло (1 Мој 40,11; 2 Цар 12,3; 3 Цар 10,21). За Израелците била од посебно значење при обредните миења (Мк 7,4; Мт 23,25). Често пати се користи со извесни симболични значења: чаша на утехата, после погребите (Ер 16,7); чаша на благодарноста, кај благодарствените жртви (Пс 116,13); чаша на гревот (Ер 51.717-23; Откр 17,4); содржината на чашата се споредува со човечката судбина (Мк 10,38); Божјиот суд се опишува како ,,испивање на чашата", (Ис 51,22) итн.

**Чело** - на челото се поставуваат различни знаци или печати, кои означуваат решителност или провокативност (Ер 3,3; Ис 48,4; Откр 7,3).

**Четверовласник** - на старогрчки *тетрарх,* владетел на еден од четирите делови на кои било разделено царството. Во римско време изразот се користел за владетели на помали подрачја. Ирод Антипа **и** Филип добиле приближно по четвртина од царството на Ирод Велики. Се споменува во Мт 14,1 ;Лк 3,1.19; Дап 13,1.

**Четворки** - на латински квартерион, римска воена единица, пр. стража, од четири војници (Дап 12,4).

**Чиновник** - се разликувале по чин и значење, но сите биле битни како носители на културата на своето време. Повеќето биле писмени, кога граѓанската власт не можела да се извршува преку старешинството.станале неопходни, зашто имале големо влијание. Во Еврејското царство и државите што произлегоа од него, во редот на чиновници спаѓале бележници, писари, управници на дворот, пехарници, коморници итн.

**Чир** - в. Болест.


ФИ
ЛИП
II





**ПЕТКО ЗЛАТЕСКИ И**



**СЛАВЕ КАТИН**